НАЦИОНАЛНИ ШУМИ
во партнерство со природата

www.mkdsumi.com.mk

Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.
Бр./Nr. 02-922/1
27-12-2022 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ЗА 2023 година

# На Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" п.о. Скопје

**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА**
**На Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми**
**"Национални шуми" п.о. Скопје**

Во согласност со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Сл. Весник на РСМ бр.12/19), Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" п.о. Скопје го донесе овој План за спречување на корупција, каде главна задача ќе биде навременото препознавање на ризиците од корупција и предлагање на соодветни мерки за отстранување на ризиците и ќе биде водич за понатамошните активности кои јавното претпријатие ќе ги презема за борба против корупцијата. Јавното претпријатие како институција која врши работи од јавен интерес има за цел да воспостави систем на мерки кои ќе овозможат справување со корупцијата и идентификување на причините, условите и факторите кои ја овозможуваат.
Притоа јавниот интерес како што е дефиниран во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, претставува "заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на РСМакедонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и слободата на пазарот и претприемништвото, владеењето на правото и спречување на криминалот и корупцијата".

## I.
## ПОИМ ЗА КОРУПЦИЈА И ПРОЦЕНКА НА ФАКТОР НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА

Корупцијата претставува негативна појава во општеството.

Поимот „корупција" потекнува од латинскиот термин corrupcio кој се преведува како поткупување/подмитување, расипаност/расипување, трулење и распаѓање како процес.

Корупцијата се појавува во бројни форми од кои најчесто застапени се следните:
- Злоупотреба на службена должност - Поткуп - Тргување со влијание - Користење на службени добра за лични потреби - Судир на интереси - Изнуда - Непотизам - Кронизам - Самодоговарање (доделување на договор на сопствена или роднинска фирма).

Под фактор на ризик од корупција се подразбира се што може да биде „прозор" за/кон корупција, односно се што може да поттикне вршење и/или толерирање на корупција.

Во литературата најчестата поделба на факторите на ризици од корупција ги опфаќа следните четири групи:

1. *Системски или надворешни фактори на ризици од корупција.*

Тоа се фактори кои ја отсликуваат постојната состојба во однос на правната регулатива во дадена област/сектор, владеењето на правото, функционирањето на институциите, нивната меѓусебна координација, општествената клима, културата на однесување во јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, итн.

2. *Институционални/организациски фактори на ризици од корупција.*

Тоа се фактори на ризици од корупција кои произлегуваат од институционалната поставеност на јавниот систем во насока на оценување дали е тој соодветен за извршување на функциите во определена област/сектор, односно дали постојат сите потребни институции, дали се надлежностите јасно дефинирани, каква е нивната меѓусебна координација, дали имаат соодветни услови за работа итн. Врз основа на ова ниво на проценка битно е да се практикува макро гледиштето (на ниво на општество (систем) или сектор, односно фокусот не треба да биде на внатрешните предизвици на конкретна институција.

3. *Индивидуални фактори на ризици од корупција.*

Тоа се фактори кои можат да влијаат на поединците да пристапат кон корумптивно или неетичко однесување.

4. *Фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес во дадена хоризонтална област или сектор.*

Тоа се фактори кои можат да се идентификуваат како можна појава кај сите институции кои се вклучени или каде се врши определен процес (пр. област јавни набавки) во смисла на детектирање на заедничките предизвици кои произлегуваат од законските решенија или праксата на работа. Овде е повторно битно да се нагласи дека за време на проценката се практикува макро гледиштето (на ниво на систем), односно фокусот не треба да биде на внатрешните предизвици на конкретна институција.

Кај проценката на факторите на ризици од корупција на ниво на сектор, потребно е да се идентификуваат факторите (од макро перспектива) кои се поврзани со вршење на сите надлежности во секторот (не само во една област - пр. јавни набавки), со цел да се добие слика за слабостите во функционирање на секторот кои можат да поттикнат корупција.

## II.
## ЦЕЛ НА ПЛАНОТ

Стратешка цел на овој план е проценка на факторите на ризиците од корупција и воедно давање јасна и јавна претстава за мерките и механизмите за спречување на корупцијата и коруптивните дејствија заради запознавање со истите и нивно полесно користење од страна на сите, со цел превенција и искоренување на корупцијата како девијантна појава во општеството како и проценка на ризиците од корупција, а особено во рамките на дејноста на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми "Национални шуми" п.о. Скопје, стопанисување со шумите за стопанска намена во државна сопственост.

## III.
## ПРИЧИНИ, УСЛОВИ И ФАКТОРИ ЗА ПОЈАВУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

Причините секогаш се стекнување на противправна, материјална или нематеријална придобивка, лична корист, погодност или предност за себе или за друг од страна на лица вработени, злоупотребувајќи ја својата службена положба и овластување.

Услови и фактори кои ја овозможуваат корупцијата можат да бидат резултат на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција, односно таа слабост може да е резултат на повеќе фактори како: немање закон; партиски протекции и патронажа; непочитување на законите; лоши реформи во администрацијата; концентрација на власт, богатство и статус-кај поединци; недемократски и автократски режим; бавна бирократија; постоење монополи; слаб индустриски и инфраструктурен развој; слабо организирана и слабо платена јавна служба; судови кои не осудуваат висока корупција; луѓе кои постојано подмитуваат службеници; систем каде што власта, парите и политиката играат водечка улога; недостаток на волја за борба против корупција; непријавување на корупцијата; непознавање на процедурите и законите, а како резултат на тоа се појавува можноста за манипулирање со учесниците во општествените процеси и зголемување на ризикот од корупција.

## IV.
## ЗАКОНСКИ ОСНОВИ

**Закон за шумите** („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.274/22)

**Закон за ловство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/09, 136/11, 1/12, 69/13, 164/13, 187/13, 33/15, 147/15, 193/15 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 150/21 и 283/21)

**Закон за заштита на природата** („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21)

**Закон за јавните претпријатија** („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22)

**Закон за вработените во јавниот сектор**

**Закон за административните службеници**

**Закон за работните односи**

**Закон за јавните набавки**

**Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Законот за заштита на укажувачи**

**Кривичниот законик**

Подзаконските акти кои произлегуваат од овие прописи.

## V. АКТИВНОСТИ ПРЕДВИДЕНИ СО ПЛАНОТ

Заради остварување на основната цел на планот односно навремено препознавање, лоцирање, спречување и искоренување на ризиците од корупција и коруптивните дејствија, во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" п.о. Скопје предвидени се и преземени следните активности и тоа:

-Јакнење на интегритетот на вработените во Јавното претпријатие Национални шуми, односно унапредување на личниот и професионалниот интегритет на вработените од кои се очекува при извршувањето на работните задачи да применат соодветни знаења, етички капацитет, чесност и да работат во корист на јавниот интерес и на зголемување на довербата на јавноста. Поимот интегритет во себе го вклучува индивидуалниот и институционалниот интегритет;

-Запознавање на вработените со Кодекс за администрација и обврските кои произлегуваат од истиот;

-Професионализација, департизација и деполитизација на вработените, односно професионална департизирана администрација, заснована врз заслуги е основа во борбата против корупцијата, при вработувањата и извршувањето на работните задачи дословно да се почитуваат законските прописи;

-Обезбедување на интегритет и транспарентност при вработување, кадровските политики базирани на систем на вредности, критериум и квалитет кај вработените;

-Правилно, доследно постапување, почитувајќи ги сите стандарди за отчетност и отвореност спрема сите правни и физички лица;

-Врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на веб-страната на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" п.о. Скопје, објавени се лицата преку кои можат да се обезбедат информациите од јавен карактер;

-На веб-страната на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" п.о. Скопје објавени се лицата овластени за заштитено внатрешно пријавување и за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување со што е зголемена можноста пријавување, навремено препознавање, лоцирање, спречување и искоренување на коруптивните дејствија;

-Обезбедување на услови за правилно постапување на лицата овластени за заштитено внатрешно пријавување и за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување согласно ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР и негова примена;

-Во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" п.о.-Скопје воспоставен е систем од страна на Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола, односно е донесен Годишен план за спречување на корупцијата со акционен план во делот на заштитата на шумите, односно во борбата против бесправните сечи на шумите во РСМ;

-Врз основа на анализа на јавните набавки од претходната финансиска година, потребно е зајакнување на капацитетите со квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните набавки, со спроведување на обуки за вработените во одделението за јавни набавки и што поголем број на вработени кои учествуваат во Комисиите за јавни набавки. Целосно функционирање на основните принципи на јавните набавки: транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на финансиските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства;

-Од анализа на ризичните области за корупција во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" п.о. Скопје утврдено е дека постои можност вакви коруптивни дејствија да се појават во делот на непосредните контакти со надворешните клиенти, за кои претпријатието има изготвено систем на контрола и превенција преку повеќе степени на контрола и одобрување со донесување на Правилникот за внатрешна организација на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" п.о. Скопје и Правилникот за систематизација на работните места на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" п.о. Скопје и имплементирани ISO-стандарди со дефинирани процедури за постапување и контрола на квалитет;

-Систем на контрола врз работењето со обезбедување на независни ревизиски извештаи, како и Тримесечни и Годишни извештаи на претпријатието за финансиското работење на претпријатието кои се јавно достапни за сите физички и правни лица, со објавување на истите на веб-страната на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" п.о. Скопје.

ОБВРСКА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ

Спроведувањето на политиката за интегритет и спречување на корупцијата е одговорност нс сите вработени во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" п.о. Скопје. Донесувањето на овој план наметнува обврска за сите организациони единици во јавното претпријатие. Имплементацијата на Планот е обврска на сите раководители на организационите единици – Подружници шумски стопанства во состав на Јавното претпријатие, кои треба да ги запознаат вработените со Планот за проценка на ризици од корупција.

Годишниот план ќе биде објавен на веб страната на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" п.о. Скопје.

ЈП "Национални шуми" - п.о. – Скопје
Директор
Валентин Груевски,